АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Примено / Pranuar: 29. 11. 2019

| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlere |
|---|---|---|---|
| 10 | 5189 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 7 ноември 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 ноември 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 21 август 2019 година, за непочитување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка – јавна опомена (Уп1 бр. 03-362 од 21.08.2019 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип.*

   *Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (22.08.2019 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 7 ноември 2019 година, на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост**

**постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 став 1** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***